SONY

4-460-926-11(1) (MK)

# Аудиосистем за домашна употреба

Упатство за работа

*4460926 11*(1)

©2013 Sony Corporation

CMT-S40D

MK

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Не покривајте го отворот за вентилација на уредот со весници, прекривки, завеси итн. за да се намали ризикот од пожар.
Не изложувајте го уредот на извори на отворен оган (на пример, запалени свеќи).

Не изложувајте го уредот на капење или прскање и не поставувајте предмети наполнети со течност врз него, како на пример, вазни, за да го намалите ризикот од пожар или електричен удар.

Не поставувајте го уредот во ограничен простор, како полица за книги или вграден шкаф.

Поврзете го уредот со лесно достапен штекер за наизменична струја бидејќи главниот приклучок се користи за да се исклучи уредот од довод за напојување. Веднаш исклучете го главниот приклучок од штекерот за наизменична струја ако забележите неправилности кај уредот.

Не изложувајте ги батериите или уредите со поставена батерија на прекумерна топлина, како на пример, сончева светлина или оган.

Уредот не е исклучен од главната електрична мрежа сè додека е поврзан во штекерот за наизменична струја, дури и ако самиот уред е исклучен.

**ВНИМАНИЕ**
Употребата на оптички инструменти со овој производ ќе ја зголеми опасноста од повреда на очите.

CLASS 1 LASER PRODUCT
LUOKAN 1 LASERLAITE
KLASS 1 LASERAPPARAT

Овој апарат е класифициран како производ од CLASS 1 LASER. Овој знак е лоциран на надворешна страна одзади.

**Известување за потрошувачите: следните информации се применливи само за опремата продадена во земјите што ги применуваат директивите на ЕУ.**
Овој производ е произведен од или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Japan. Прашањата поврзани со усогласеноста на производот со законодавството на Европската Унија треба да се упатат до овластениот претставник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Stuttgart, Germany. Повикајте се на адресите дадени во засебните документи за услуга или гаранција за какви било проблеми со услугата или со гаранцијата



**Фрлање стара електрична и електронска опрема (применливо во Европската Унија и во други европски земји со засебни збирни системи)**
Овој симбол на производот или на неговата амбалажа посочува дека со овој производ не треба да се постапува како со домашен отпад. Наместо тоа, треба се предаде на применливото збирно место за рециклирање електрична и електронска опрема. Со правилно отстранување на овој производ ќе помогнете да се спречат потенцијални негативни последици за животната средина и за здравјето на луѓето кои инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе помогне при заштита на природните богатства. Контактирајте со локалната месна заедница, со канцеларијата за отстранување домашен отпад или со продавницата каде што го купивте овој производ за подетални информации околу рециклирањето на овој производ.
Применлива дополнителна опрема: Далечински управувач

Само за Европа

Pb

**Отстранување потрошени батерии (применливо во Европската Унија и во други европски земји со засебни системи на собирање)**

Овој симбол на батеријата или на пакувањето посочува дека батеријата што се доставува со овој производ не треба да се третира како домашен отпад.
Овој симбол може да се користи во комбинација со хемиски симбол кај определени батерии. Хемиските симболи за жива (Hg) или олово (Pb) се додаваат ако батеријата содржи повеќе од 0,0005% жива или 0,004% олово.
Со правилно отстранување на овие батерии ќе помогнете да се спречат потенцијално негативни последици за животната средина и за здравјето на човекот коишто инаку може да се предизвикаат со несоодветно постапување со отпадот на батеријата. Рециклирањето на материјалите ќе помогне за заштита на природните богатства.
Во случај кога производите бараат трајна поврзаност со вметната батерија, оваа батерија треба да ја замени само квалификувано лице заради безбедност, функционалност или интегритет на податоците.



За да бидете сигурни дека со батеријата ќе се постапи соодветно, предадете го потрошениот производ на применливото збирно место за рециклирање електрична и електронска опрема.
Погледнете го делот за тоа како безбедно да ја отстраните батеријата од производот за сите други видови батерии. Предадете ја батеријата на применливото збирно место за рециклирање потрошени батерии.
Контактирајте со локалната месна заедница, со компанијата за отстранување на домашниот отпад или со продавницата каде што го купивте производот за подетални информации околу рециклирањето на овој производ или на батеријата.

### За ова упатство

- „DVD“ може да се користи како општ термин за DVD VIDEO, DVD-R, DVD-RW, DVD+R или DVD+RW.
- CD-R или CD-RW се понекогаш именувани како „DATA CD“.
- DVD-R, DVD-RW, DVD+R или DVD+RW се понекогаш именувани како „DATA DVD“.
- Во ова упатство се објаснети операциите што се прават преку далечинскиот управувач, но истите операции може да се изведат и преку копчињата на уредот што имаат исти или слични имиња.



## Дискови што се репродуцираат

| | |
|---|---|
| DVD | DVD VIDEO<br>DVD-ROM<br>DVD-R*/DVD-RW*<br>DVD+R*/DVD+RW* |
| CD | CD-DA (музичко CD)<br>CD-ROM<br>CD-R*/CD-RW*<br>VIDEO CD |

* Ако дисковите не се правилно финализирани нема да се репродуцираат. За повеќе информации, погледнете ги упатствата за работа, дадени со уредот за снимање.

**Дискови што не може да се репродуцираат:**
- дискови Blu-ray,
- HD DVD,
- DVD-RAM,
- дискови за аудио DVD,
- PHOTO CD,
- CD со супераудио,
- дополнувања на CD со опција за следење податоци,
- двојни дискови со страна за аудиоматеријал,
- DVD-R/DVD-RW/DVD+R/DVD+RW во режим VR (видеоснимање),
- DVD-R/RW што е компатибилен со CPRM (заштита на содржина за снимачки медиуми) и содржи содржини означени како „Copy once“.

**Музички дискови шифрирани со технологиите за заштита на авторските права**
Овој производ е дизајниран да репродуцира дискови кои соодветствуваат со стандардот за компактен диск (CD). Во последно време, некои продукциски куќи нудат на пазарот музички дискови што се шифрирани со технологиите за заштита на авторските права. Бидете свесни дека меѓу овие дискови постојат и такви што не одговараат на стандардот за CD и може да не се репродуцираат на производот.

**Забелешка за DualDisc**
DualDisc е диск со две страни што репродуцира материјал снимен на DVD на едната страна и дигитален аудиоматеријал на другата страна. Сепак, бидејќи страната за аудиоматеријал не е во согласност со стандардот за компактен диск (CD), репродукцијата на овој производ не е гарантирана.

**Забелешка за управување со репродукцијата на DVD**
Некои операции за репродукција на DVD може намерно да се ограничени од производителите на софтверот. Бидејќи системот репродуцира DVD според содржината на дискот, некои одлики за репродукцијата може да не се достапни.

**Забелешка за DVD со двоен слој**
Сликата и звукот на репродуцирање може привремено да се прекине кога се менуваат слоевите.

**Код на област (само за DVD VIDEO)**
Системот има отпечатен код на задната страна на уредот и ќе репродуцира само DVD VIDEO (само за репродуцирање) означен со код што ја идентификува областа или ALL.

**Забелешка за дисковите со повеќе сесии**
Системот може да репродуцира продолжени сесии на диск кога тие се снимени во истиот формат како и првата сесија. Ако има сесија снимена со друг формат, таа сесија и сите следни не можат да се репродуцираат. Имајте предвид дека дури и ако сесиите се снимени во ист формат, сепак некои сесии може да не се репродуцираат.



**Забелешки за дисковите**
- Системот може да репродуцира само стандарден кружен диск. Користењето дискови коишто не се ниту стандардни ниту кружни (пр. дискови во форма на картичка, срце или ѕвезда) може да предизвика дефект.
- Не користете диск којшто има прикачен комерцијално достапен додаток, како што е етикета или прстен.

## Типови датотеки што се репродуцираат

| Видео | |
|---|---|
| Формат на датотеката | Наставки |
| Xvid-видео | „.avi“ |
| **Музика** | |
| Формат на датотеката | Наставки |
| MP3 (MPEG1, слој за аудио 3)1) | „.mp3“ |
| WMA2) | „.wma“ |
| **Фотографија** | |
| Формат на датотеката | Наставки |
| JPEG | „.jpg“ или „.jpeg“ |

1) Форматот MP3 PRO не е поддржан.
2) Форматите WMA DRM, без загуба WMA и WMA PRO не се поддржани.

### Забелешки

- Некои датотеки може да не се репродуцираат во зависност од форматот, начинот на шифрирање или условот за снимање.
- Некои USB-уреди може да не работат со овој систем.
- Не поврзувајте ги системот и USB-уредот преку USB-центар.
- Системот поддржува ISO 9660 ниво 1/ниво 2 за DATA CD.
- Системот поддржува UDF (универзален формат на диск) за DATA DVD.
- Системот поддржува FAT16 и FAT32 за USB-уреди.
- Системот може да препознае датотеки или папки на DATA DVD, DATA CD или USB-уред на следниот начин:
  - до 188 папки, вклучувајќи ја и коренската папка на DATA DVD, DATA CD или USB-уред,
  - до 999 датотеки на DATA DVD, DATA CD или USB-уред.
- Може да потрае додека да се прочитаат датотеките во следните случаи:
  - постојат премногу папки или датотеки на DATA DVD, DATA CD или USB-уред,
  - капацитетот за меморија на USB-уредот што го користите е многу голем,
  - меморијата на USB-уредот е фрагментирана.



## USB-уреди што се компатибилни со системов

Проверете ги веб-локациите подолу за информации околу компатибилните USB-уреди.

**За потрошувачите во Европа:**
http://support.sony-europe.com/

**За потрошувачите во Латинска Америка:**
http://esupport.sony.com/LA

**За потрошувачите во други земји/региони:**
http://www.sony-asia.com/support

## Подготвување на далечинскиот управувач

Вметнете батерија R6 (големина AA) (не се доставува), да одговара на половите прикажани подолу.



**Забелешки за употреба на далечинскиот управувач**
- Со нормална употреба, батеријата треба да трае околу шест месеци.
- Ако не го користите далечинскиот управувач подолго време, извадете ја батеријата за да избегнете оштетување заради протекување и корозија на батеријата.



## Безбедно поставување на системот

Ⓐ **FM-главна антена (издолжена хоризонтално.)**
Ⓑ **Кон десниот звучник**
Ⓒ **Кон левиот звучник**
Ⓓ **Кабел за звучник (црвен/⊕)**
Ⓔ **Кабел за звучник (црн/⊖)**
Ⓕ **Кон штекерот**




**A Антена**
Најдете локација и ориентација што обезбедуваат добар прием кога ја поставувате антената.
Поставете ја антена подалеку од каблите за звучниците и од кабелот за напојување за да избегнете прибирање шум.

**B Приклучоци AUDIO IN и VIDEO OUT**
AUDIO IN:
поврзете надворешна компонента за аудио.
VIDEO OUT:
поврзете го приклучокот за видеовлез на телевизорот или проекторот.

**C Звучници**
Поврзете ги каблите за звучниците.

**D Напојување**
Поврзете го кабелот за напојување во ѕиден штекер.



## Поставување на подлошките за звучниците

Наместете ги доставените подлошки за звучниците на секој агол одоздола за да спречите лизгање.



## Поставување на часовникот

1. **Притиснете I/⏻ 1 за да го вклучите системот.**
2. **Притиснете и задржете на SHIFT 19, потоа притиснете на ANGLE/TIMER MENU 15 за да го изберете режимот за поставување на часовникот.**
   Ако на екранот се појави „SELECT“, притискајте на ⏮/⏭ 6 за да изберете „CLOCK“, а потоа притиснете ⊕ (внеси) 8.
3. **Притиснете ⏮/⏭ 6 за да го поставите часот, а потоа притиснете ⊕ 8.**
4. **Употребете ја истата постапка за да ги поставите минутите.**
   Поставките за часовникот се губат кога ќе го исклучите кабелот за напојување или ако снема струја.

### Прикажување на часовникот

■ **Кога системот е исклучен**
Притиснете DISPLAY 18.
Часовникот се прикажува во текот на 8 секунди.

■ **Кога системот е вклучен**
Притиснете TIME 13. Часовникот се прикажува во текот на 8 секунди.

## Поврзување на телевизорот

Поврзете го приклучокот за видеовлез на телевизорот со приклучокот VIDEO OUT на уредот, користејќи го доставениот видеокабел.



**При поврзување уред за видео**
Поврзете ги телевизорот и уредот за видео користејќи видео и аудиокабли (не се доставуваат) како што е прикажано подолу.




Не поврзувајте директно.

Ако поврзете уред за видео помеѓу системот и телевизорот, може да искусите видеопротекување кога го гледате видеосигналот од системов. Не поврзувајте уред за видео помеѓу системов и телевизорот.

## Поставување на системот на бои

Ако е потребно, променете го системот на бои од [PAL], [NTSC] или [Auto] (Автоматски) откако ќе го поврзете системот. Фабричкиот стандард за системот на бои е [PAL] за моделите за Европа, Русија, Саудиска Арабија и Аргентина и [NTSC] за другите модели.
Забележете дека функцијата за поставување на системот на бои не е достапна за моделите за Латинска Америка (освен за моделите за Аргентина).

1. **Поврзете го кабелот за напојување во ѕиден штекер.**
2. **Притиснете I/⏻ 1 за да го вклучите системот.**
3. **Притискајте на FUNCTION 3 за да ја поставите функцијата на DVD/CD.**
   Репродукцијата започнува автоматски ако е ставен диск со функција за автоматска репродукција. Притиснете двапати на ■ 4 за да ја прекинете репродукцијата.
4. **Притиснете SETUP 20 во режимот на прекинување.**
   Се појавува менито за поставување.
5. **Притискајте на ↑/↓ 6 за да ги изберете поставките [SCREEN] (ЕКРАН), потоа притиснете ⊕ 8.**
6. **Притискајте на ↑/↓ 6 за да изберете [TV System] (Телевизиски систем), потоа притиснете ⊕ 8.**
7. **Притискајте на ↑/↓ 6 за да изберете [PAL], [NTSC] или [Auto] (Автоматски), потоа притиснете ⊕ 8.**
8. **Притиснете SETUP 20 за да го исклучите менито за поставување.**

### Забелешка

Приказот на телевизискиот екран може веднаш да се прекине по менување на системот на бои како што е објаснето погоре.





## Делови и контроли

### Главен уред






### Далечински управувач




1 **Копче I/⏻ (вклучено/подготвено)**
Притиснете за да го вклучите или исклучите системот.

2 **Далечински сензор**

3 **Копче FUNCTION**
Притиснете за да изберете функција.

4 **Уред: копче ▶II (репродукција/пауза)**
**Далечински управувач: копче ▶ (репродукција), копче II (пауза)**
Притиснете за да започнете или паузирате репродукција. За да се вратите на репродукцијата од состојба на пауза, притиснете ▶ (или ▶II на уредот).
**Уред: копче ■ (прекини)/CANCEL**
**Далечински управувач: копче ■ (прекини)**
- Притиснете еднаш за да ја прекинете репродукцијата и да ја запомните точката на прекин (точка на продолжување). Притиснете ▶ (или ▶II на уредот) после ова за да продолжите со репродукцијата од точката каде што прекинавте.
  Ако сакате да ја започнете репродукцијата од првиот запис/наслов/глава итн., двапати притиснете на ■ (or ■/CANCEL на уредот), а потоа притиснете ▶ (или ▶II на уредот).
- Притиснете за да го откажете автоматското бирање додека скенирате радиофреквенции.

5 **Копче EQ**
Притиснете за да изберете звучен ефект.

6 **Уред: копче TUNE +/–**
**Далечински управувач: копче TUNING +/–**
Притиснете за да ја вклучите саканата станица.
**Уред: копче ⏮/⏭ (претходно/следно)**
**Далечински управувач: копче ⏮/⏭ (претходно/следно)**
Притиснете за да изберете запис, датотека или глава.



**Копче ◀◀/▶▶ (брзо премотување назад/напред)**
Притиснете за да најдете точка во запис, датотека или глава.

**Уред: копче ↑/↓**

**Далечински управувач: копче ↑/↓/←/→**
Притиснете за да го поместите курсорот за избор на ставка.

**Копче I▶ (бавно премотување напред)**
Притиснете во режим на пауза за да гледате во забавено движење.

**Копче PRESET +/–**
Притиснете за да изберете меморирана радиостаница.

7 **Копче ⏏ (отвори/затвори)**
Притиснете за да го отворите или затворите носачот на диск.

8 **Уред: копче ENTER**
**Далечински управувач: копче ⊕ (внеси)**
Притиснете за да ги внесете/потврдите поставките.

9 **Уред: контрола на VOLUME**
Завртете за да ја прилагодите јачината на звукот.
**Далечински управувач: копче VOLUME +/–**
Притиснете за да ја прилагодите јачината на звукот.

10 **Приклучок MIC (микрофон)**
Користете го за да поврзете микрофон.

11 **Порта за ⭠ (USB)**
Користете за поврзување USB-уред. Кога поврзаниот уред има батерија што повторно се полни, а системот е вклучен, системот може да ја полни батеријата.

12 **Копче ECHO**
За да го прилагодите нивото на ехо.
**Копче MIC LEVEL**
Притиснете за да ја прилагодите јачината на звукот на микрофонот.

13 **Копче TIME**
Притиснете за да ги прикажете или вклучите информациите за време во текот на репродукцијата.

14 **Копче DIMMER**
Притиснете за да ја смените осветленоста на екранот на уредот. Постојаното притискање на копчето ја менува осветленоста во 2 нивоа (светло/темно).

15 **Копче ANGLE/TIMER MENU**
- Притиснете за да поставите на други агли за гледање на камера кога се снимени повеќе агли на DVD VIDEO.
- Притиснете за да го поставите тајмерот за репродукција. Видете го и описот за копчето SHIFT 19.

16 **Копче DVD MENU**
- Притиснете за да го отворите или затворите менито за DVD во текот на репродукција на DVD VIDEO.
- Притиснете за да се вратите на претходниот екран додека ракувате со списокот со папки/датотеки што е прикажан на телевизискиот екран.

17 **Копче MUTING**
Притиснете кога сакате да го вклучите или исклучите звукот.



18 **Копче DISPLAY**
Притиснете за да го прикажете или сокриете менито на повлекување за режимот за барање или за информации за тековната репродукција.

19 **Копче SHIFT**
Притиснете и задржете за користење со розовите копчиња (копчиња со броеви, SLEEP 22 и TIMER MENU 15).

20 **Копче SETUP**
Притиснете за да го отворите или затворите менито за поставување.

21 **Копче DVD TOP MENU**
- Притиснете за да го отворите главното мени за DVD кога репродуцирате DVD.
- Притиснете за да ја вклучите или исклучите функцијата PBC кога репродуцирате VIDEO CD со функцијата PBC.

22 **Копче AUDIO/SLEEP**
- Притиснете за да изберете формат на аудиосигнал во текот на репродукцијата ако се достапни повеќе формати на аудиосигнали.
- Притиснете за да го изберете режимот за прием FM (моно или стерео) кога слушате FM-стерео програми.
- Притиснете за да го поставите тајмерот за спиење. Видете го и описот за копчето SHIFT 19.

**Копче SUBTITLE**
Притиснете за да изберете јазик за превод кога се достапни преводи на повеќе јазици (на пример, DVD VIDEO).

23 **Копче ZOOM**
Притиснете за да приближите или оддалечите на прикажаната слика кога гледате DVD VIDEO, VIDEO CD, Xvid-видео или JPEG-слика. Можете да лизгате по сликата нагоре, надолу, налево или надесно на избраното ниво на зголемување со притискање на ↑/↓/←/→ 6.

24 **Копче PROGRAM**
Притиснете за да програмирате записи на CD-DA за програмирана репродукција или притиснете за да меморирате радиостаници.
**Копче REPEAT**
Притиснете за да го вклучите режимот за повторување.

25 **Копче BASS BOOST**
Притиснете за да создадете подинамичен звук. Можете да го вклучите или исклучите ефектот со постојано притискање.

26 **Копче TV INPUT**
Притиснете за да го изберете влезниот извор на телевизорот меѓу телевизискиот сигнал и друг влезен извор.
Забележете дека со овој далечински управувач може да се ракуваат само телевизорите на Sony.
**Копче TV I/⏻ (вклучено/подготвено)**
Притиснете за да го вклучите или исклучите телевизорот.
Забележете дека со овој далечински управувач може да се ракуваат само телевизорите на Sony.



## Репродукција на диск

1. **Притискајте на FUNCTION 3 за да ја изберете функцијата DVD/CD.**
2. **Притиснете ⏏ 7 на уредот за да го отворите носачот на диск.**
3. **Поставете диск во носачот за диск, потоа притиснете ⏏ 7 на уредот за да го затворите носачот за диск.**
   Репродукцијата започнува автоматски кога ќе го затворите носачот за диск.
   Ако репродукцијата не започне автоматски, притиснете ▶ 4.



Со страната со налепница нагоре.

4. **Притиснете VOLUME +/– 9 за да ја прилагодите јачината на звукот.**

## Репродукција на датотеки на диск/USB-уред

1. **Притискајте на FUNCTION 3 за да ја изберете функцијата DVD/CD или USB.**
   - DVD/CD: За репродукција на датотеки на диск.
   - USB: За репродукција на датотеки на USB-уред.
2. **Ставете го изворот.**
   ■ **За диск**
   Отворете го носачот на звук, ставете го дискот во него и затворете го носачот.
   ■ **За USB-уред**
   Поврзете USB-уред на портата за ⭠ (USB) 11.



USB-уред

3. **Притискајте на ←/→ 6 за да изберете тип медиум (музика/фотографија/видео), потоа притиснете ⊕ 8.**




4. **Притиснете VOLUME +/– 9 за да ја прилагодите јачината на звукот.**
   Кога сакате да репродуцирате друга датотека, прекинете ја репродукцијата, а потоа следете ја постапката подолу.

### Репродукција на сакана датотека

1. **Притиснете ↑/↓ 6 за да го поместите курсорот на 🗀•••, потоа притиснете ⊕ 8.**
2. **Притиснете ↑/↓ 6 за да го поместите курсорот на папката што ја содржи датотеката што сакате да ја репродуцирате, потоа притиснете ⊕ 8.**
3. **Притиснете ↑/↓ 6 за да го поместите курсорот на саканата датотека, потоа притиснете ⊕ 8 (или ▶ 4) за да ја започнете репродукцијата.**



(Пример: MP3-диск)




4. **Притиснете VOLUME +/– 9 за да ја прилагодите јачината на звукот.**

### Репродукција на сакана папка

1. **Притиснете ↑/↓ 6 за да го поместите курсорот на 🗀•••, потоа притиснете ⊕ 8.**
2. **Притиснете ↑/↓ 6 за да го поместите курсорот на саканата папка, потоа притиснете ⊕ 8 (or ▶ 4).**
   Репродукцијата започнува од првата датотека во избраната папка и продолжува додека не заврши репродукцијата на сите датотеки во папката.
3. **Притиснете VOLUME +/– 9 за да ја прилагодите јачината на звукот.**

### Совети

- Можете да изберете датотека за репродукција со постојано притискање на ⏮/⏭ 6 во текот на репродукцијата додека гледате информации на екранот.
- Можете да се вратите на претходниот екран со притискање на DVD MENU 16 додека ракувате со списокот со папки/датотеки што е прикажан на телевизискиот екран.
- Можете да се поместите една страница напред или назад со притискање на ←/→ 6 во списокот со папки/датотеки кога постојат повеќе страници за избор на ставка.



Продолжува ➡

## Слушање звук од изборна компонента

Можете да слушате звук од компонента што е поврзана на приклучокот AUDIO IN на уредот користејќи аудиокабел за стерео од 3,5 mm (не се доставува).

1 **Поврзете ги приклучоците за аудиоизлез на компонентата и приклучокот AUDIO IN на системов користејќи го аудиокабелот.**




2 **Притиснете VOLUME – [9] за да ја намалите јачината на звукот.**

3 **Притискајте на FUNCTION [3] за да ја изберете функцијата AUDIO IN.**

4 **Започнете ја репродукцијата на поврзаната компонента и притиснете VOLUME +/– [9] за да ја прилагодите јачината на звукот.**



## Други копчиња за управување со репродукцијата

### Менување на аглите (само за DVD VIDEO)

**Притиснете ANGLE/TUNER MENU [15] за време на репродукцијата за да го изберете саканиот агол.**

### Прикажување преводи (само за датотеки со DVD VIDEO и Xvid-видео)

**Притискајте на SUBTITLE [22] за време на репродукцијата за да го изберете јазикот на преводот.**

### Менување на звукот

**Притискајте на AUDIO/SLEEP [22] за време на репродукцијата за да го изберете саканиот формат на аудиосигнал.**

Кога репродуцирате DVD VIDEO со повеќе аудиоформати, можете да го смените аудиоформатот од PCM, Dolby Digital итн.
Ако дискот DVD VIDEO е снимен со повеќејазични записи, можете да го смените и јазикот на аудиото.

### За репродукција на VIDEO CD со функции PBC

Кого започнувате со репродукција на VIDEO CD со функции PBC (контрола на репродукцијата), менито за PBC ќе се појави за да ракувате со него. За да го користите менито за PBC, притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со број за да го изберете бројот на саканата ставка.

■ **За репродукција без PBC**

**Притиснете DVD TOP MENU [21].**
Кога ја исклучувате функцијата PBC, можете да изберете сакан запис со внесување на бројот на записот.

### Зголемување на прикажаната слика

Можете да приближите или оддалечите на прикажаната слика кога гледате DVD VIDEO, VIDEO CD, Xvid-видео или JPEG-слика.

**Притискајте на ZOOM [23] за да ја зголемите сликата.**
Секојпат кога ќе го притиснете копчето, нивото на зголемување се менува. Можете да лизгате по прикажаната слика нагоре, надолу, налево или надесно на избраното ниво на зголемување со притискање на ↑/↓/←/→ [6].

### Барање наслов/глава/запис итн.

■ **При репродукција на DVD**

1 **Притиснете ▭ DISPLAY [18] за време на репродукцијата.**
Менито на повлекување се појавува на врвот на телевизискиот екран.

2 **Притиснете ←/→ [6] за да го поместите означувањето на областа за број на запис/глава.**

3 **Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви за да внесете број на наслов/глава (на пример, „02" за наслов 2, „003" за глава 3).**

4 **Притиснете ⊕ [8] за да скокнете до избраниот наслов/глава**



■ **При репродукција на CD**

1 **Притиснете ▭ DISPLAY [18] за време на репродукцијата.**
Менито на повлекување се појавува на врвот на телевизискиот екран.

2 **Притиснете ←/→ [6] за да го поместите означувањето на областа за број на записот.**

3 **Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви за да внесете двоцифрен број на запис (на пример, „02" за запис 2).**

4 **Притиснете ⊕ [8] за да скокнете до избраниот запис.**

■ **При репродукција на аудио/видеодатотека/JPEG-слика**
Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви за да внесете двоцифрен број на датотека (на пример, „02" за датотека 2).

### Репродукција по програмиран редослед

Изберете ги записите за репродукција во саканиот редослед (само за дискови CD-DA). Може да се програмираат најмногу 16 песни.

1 **Притиснете PROGRAM [24].**
Менито за програми се појавува на телевизискиот екран.

2 **Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви за да внесете двоцифрен број на запис (на пример, „02" за запис 2).**

3 **Притиснете ↓ [6] и повторете ја постапката во чекор 2 за да програмирате дополнителни записи.**

4 **Притиснете ←/↑/↓/→ [6] за да изберете [PLAY] (РЕПРОДУЦИРАЈ) за да ја започнете програмираната репродукција.**

■ **Откажување програмирана репродукција**
Притиснете ■ [4], потоа притиснете ► [4]. Репродукцијата се менува во режимот за нормална репродукција.

■ **Бришење на програмата**
Притиснете PROGRAM [24].
Потоа, притиснете ↑/↓/←/→ [6] за да изберете [CLEAR] (ИЗБРИШИ), а потоа ⊕ [8].



### Постојана репродукција

**Притискајте на REPEAT [24] за да го изберете саканиот режим за репродукција.**
Избраниот режим се појавува на екранот.
- „REP CHP": ја повторува тековната глава.
- „REP TIT": го повторува тековниот наслов.
- „REP ALL": ги повторува сите наслови/записи/датотеки.
- „REP OFF": системот се враќа во режим за нормална репродукција.
- „SHUFFLE": постојано репродуцира датотеки што се случајно избрани во тековната папка. Во овој режим, истата датотека може да се репродуцира повеќе од еднаш.
- „REP 1": го повторува тековниот запис или датотека.
- „REP FLD": ја повторува тековната папка.

**Забелешка**
Режимите за избор и нивниот редослед се разликуваат во зависност од дискот или датотеката.

### Прикажување на информацијата за време на репродуцирање

**Притискајте на ▭ DISPLAY [18] во текот на репродукцијата.**
Секојпат кога ќе го притиснете копчето, прикажаната ставка се менува. Можете да видите информации како поминатото време на репродукција или преостанатото време за тековниот запис/глава. Прикажаните ставки се разликуваат во зависност од изворот за репродукција.

### Употреба на менито на повлекување за различни информации во текот на репродукцијата

**Притискајте на ▭ DISPLAY [18] во текот на репродукцијата.**
Менито на повлекување се појавува на телевизискиот екран.
Како дополнување на информацијата за време на репродукција, можете да видите информации како тековниот режим на повторување, избраниот формат на аудио и јазикот за превод. Прикажаните ставки се разликуваат во зависност од изворот за репродукција.

## Прилагодување на звукот

### Создавање подинамичен звук

**Притискајте на BASS BOOST [25] во текот на репродукцијата за ја вклучите или исклучите функцијата.**
Зададената поставка е подвлечена.
- „BASS ON": создава подинамичен звук.
- „BASS OFF": ја исклучува функцијата.



### Избор на поставка за стабилизатор

**Притискајте на EQ [5] во текот на репродукцијата сè додека на екранот не се појави саканиот режим.**
Зададената поставка е подвлечена.
- „FLAT": режим на рамен и чист звук.
- „ROCK": зголемен низок и висок опсег за одлични филмски ефекти и атмосфера. Одлично за акциски филмови и рок-музика.
- „POP": идеално за слушање забавна музика.
- „JAZZ": чист среден и висок опсег. Создава атмосфера слична на клуб каде уметникот свири пред вас. Добро за џез-музика и гледање драми.
- „CLASSIC": идеално за слушање класична музика и гледање концерти во живо на DVD.

## Аматерско пеење: караоке

Можете да пеете со музиката преку поврзување микрофон (не се доставува).

1 **Поврзете изборен микрофон на приклучокот MIC [10] на уредот.**
„MIC ON" се појавува на екранот.

2 **Притиснете MIC LEVEL [12].**

3 **Притиснете ↑/↓ [6] за да ја прилагодите јачината на звукот на микрофонот.**

4 **Започнете ја репродукцијата на музиката и прилагодете ја јачината на звукот.**

■ **Откако ќе завршите**
Прилагодете ја јачината на звукот на микрофонот на „MIC 0" и исклучете го микрофонот од приклучокот MIC [10].

■ **Прилагодување на нивото на ехо на микрофонот**

1 **Притиснете ECHO [12] кога пеете.**

2 **Притиснете ↑/↓ [6] за да го прилагодите ефектот на ехо.**

**Забелешка**
Функцијата за микрофон е достапна само кога ги користите функциите DVD/CD и USB.

## Слушање на радиото

### Меморирање радиостаници

1 **Притискајте на FUNCTION [3] за да изберете „FM".**

2 **Притиснете и задржете на TUNING +/– [6] за 2 секунди додека фреквенцијата не почне да се менува на екранот.**
Системот автоматски ги скенира радиофреквенциите и прекинува кога ќе најде чиста станица.
Ако скенирањето не прекине, притиснете ■ [4] за да го прекинете скенирањето, а потоа изведете рачно бирање за да ја најдете саканата станица. Можете да изведете рачно бирање со постојано притискање на TUNING +/– [6].

Кога ќе најдете станица којашто обезбедува RDS-услуги, името на станицата ќе се појави на приказот (само за моделите за Европа).



3 **Притиснете PROGRAM [24].**
„P 01" светнува на екранот.

4 **Притиснете PRESET +/– [6] (или притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви) за да изберете мемориран број.**

5 **Притиснете ⊕ [8] за да ја зачувате станицата.**

6 **Повторете ги чекорите 2-5 за да меморирате други станици.**
Може да меморирате до 20 FM-станици. Веќе поставените станици се задржуваат половина ден дури и ако го исклучите кабелот за напојување или ако снема струја.

### Слушање меморирана радиостаница

1 **Притискајте на FUNCTION [3] за да изберете „FM".**

2 **Притиснете PRESET +/– [6] (или притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притиснете ги копчињата со броеви) за да изберете мемориран број.**

3 **Притиснете VOLUME +/– [9] за да ја прилагодите јачината на звукот.**

**Совет**
Кога FM-стерео програма има статички шум, притискајте на AUDIO/SLEEP [22] за да изберете „MONO". Ќе го изгубите ефектот на стерео, но приемот ќе се подобри.

## Погодни функции

### Користење на тајмерот за спиење

Можете да го поставите системот да се исклучува на претходно поставено време за да можете да заспиете слушајќи музика.

**Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притискајте на AUDIO/SLEEP [22].**
Секојпат кога ќе го притиснете копчето, приказот за минутите (преостанатото време) ќе се менува за 10 минути.
Кога ќе изберете „AUTO", системот автоматски се исклучува откако тековната песна или USB-уредот ќе запрат или во рок од 100 минути.

■ **Откажување на функцијата за тајмерот за спиење**
Притиснете и задржете на SHIFT [19], потоа притискајте на AUDIO/SLEEP [22] додека на екранот не се појави „OFF".



### Користење на тајмерот за репродукција

Тајмерот за репродукција може да се постави со функциите DVD/CD, USB, AUDIO IN и FM.
Пред да го поставите тајмерот за репродукција, проверете дали сте го наместиле часовникот.

1 **Подгответе го изворот на звук.**

2 **Задржете на SHIFT [19], а потоа притиснете ANGLE/TIMER MENU [15].**

3 **Притискајте на ⏮/⏭ [6] за да изберете „PLAY SET", потоа притиснете ⊕ [8].**

4 **Поставете го времето за почеток на репродукцијата.**
Притискајте на ⏮/⏭ [6] за да го поставите часот, потоа притиснете ⊕ [8]. Следете ја истата постапка за да ги поставите минутите.

5 **Следете ја истата постапка како во чекор 4 за да го поставите времето за прекин на репродукцијата.**

6 **Изберете го изворот на звук.**
Притискајте на ⏮/⏭ [6] додека не се појави саканиот извор на звук, потоа притиснете ⊕ [8].

7 **Притиснете I/⏻ [1] за да го исклучите системот.**
Системот автоматски се вклучува пред претходно поставеното време.
Ако системот се вклучи во претходно поставеното време, тајмерот за репродукција нема да се вклучи. Не ракувајте со системот од времето кога ќе се вклучи системот до времето додека не започне репродукцијата.

■ **Проверка на поставувањето**

1 **Задржете на SHIFT [19], а потоа притиснете ANGLE/TIMER MENU [15].**

2 **Притискајте на ⏮/⏭ [6] за да изберете „SELECT", потоа притиснете ⊕ [8].**

3 **Притискајте на ⏮/⏭ [6] за да изберете „PLAY SEL", потоа притиснете ⊕ [8].**

■ **Откажување на тајмерот**
Повторете ја истата постапка како во „Проверка на поставувањето" додека не се појави „OFF" во чекор 3, а потоа притиснете ⊕ [8].

■ **Промена на поставката**
Започнете од почеток од чекор 1 од „Користење на тајмерот за репродукција".

**Совет**
Поставката на тајмерот за репродукција останува важечка сè додека не се откаже рачно.



### Менување на осветленоста на екранот

Осветленоста на екранот може да се избере во 2 нивоа.
Зададената поставка е подвлечена.

**Притискајте на DIMMER [14].**
- „DIM OFF": светло.
- „DIM ON": темно.

### За функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност

Овој систем е опремен со функција за автоматско влегување во режимот на подготвеност. Со оваа функција системот автоматски влегува во режимот на подготвеност ако во текот на 30 минути немало операција или излезен аудиосигнал. Можете да ја вклучите или исклучите функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност.
Зададено, функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност е вклучена.

**Задржете на I/⏻ [1] на уредот кога системот е вклучен, сè додека не се појави „AUTO STANDBY ON" или „AUTO STANDBY OFF".**

## Употреба на менито за поставување

Може да правите различни прилагодувања на ставките на менито. Прикажаните ставки може да се разликуваат во зависност од земјата или регионот.
Зададената поставка е подвлечена.

1 **Притискајте на FUNCTION [3] за да ја изберете функцијата DVD/CD или USB.**

2 **Притиснете SETUP [20] во режимот на прекинување.**
Се појавува менито за поставување.

Избрана категорија — Избрана ставка за поставување




Категории за поставување — Опции

3 **Притиснете ↑/↓ [6] за да изберете една од категориите за поставување, потоа притиснете ⊕ [8].**

4 **Притиснете ↑/↓ [6] за да изберете ставка за поставување, потоа притиснете → [6] или ⊕ [8].**

5 **Притиснете ↑/↓ [6] за да ја изберете опцијата што сакате да ја смените, а потоа притиснете ⊕ [8] за да го потврдите изборот.**

6 **Притиснете SETUP [20] за да го исклучите менито за поставување.**



### Поставки [SCREEN] (ЕКРАН)

■ **[TV System]* (Телевизиски систем)**
[PAL]: за телевизор со PAL-систем.
[NTSC]: за телевизор со NTSC-систем.
[Auto] (Автоматски): за телевизор што е компатибилен и со PAL и со NTSC

* Зададената поставка се разликува во зависност од земјата или регионот.

■ **[Screen Saver] (Заштитник на екранот)**
[ON] (ВКЛУЧЕНО): го вклучува заштитникот на екранот кога системот е прекинат, паузиран, кога нема диск или е во режим за вадење на дискот подолго од 15 минути.
[OFF] (ИСКЛУЧЕНО): го исклучува заштитникот на екранот.

■ **[TV Type] (Тип телевизор)**
[16:9]: изберете го ова кога се поврзувате со телевизор со голем екран или со телевизор со функција за широк режим.



[4:3PS]: прикажува слика во полна големина на целиот екран, со скратени страни.



[4:3LB]: прикажува широка слика со црни ленти на врвот и на дното.



### Поставки [LANGUAGE] (ЈАЗИК)

■ **[OSD] (Приказ на екранот)**
Може да го изберете јазикот за приказ на екранот на телевизорот.

■ **[Audio] (Аудио)**
Може да го изберете претпочитаниот јазик за аудиото за дискови DVD со повеќе записи со звук.

■ **[Subtitle] (Превод)**
Може да го изберете јазикот за превод што е снимен на DVD VIDEO.

■ **[Menu] (Мени)**
Можете да го изберете јазикот за менито на диск.

### Поставки [AUDIO] (АУДИО)

■ **[DRC]**
Го прилагодува нивото на динамичниот опсег за аудиоизлез.

■ **[Karaoke Setup] (Поставување караоке)**
[ECHO] (ЕХО): го прилагодува нивото на ехо.
[MIC VOL] (ЈАЧИНА НА ЗВУК НА МИКРОФОНОТ): го прилагодува нивото на јачина на звукот на микрофонот.



### Поставки [VIDEO] (ВИДЕО)

■ **[Brightness] (Осветленост)**
Го прилагодува нивото на осветленост на сликата.

■ **[Contrast] (Контраст)**
Го прилагодува нивото на контраст на сликата.

■ **[Hue] (Нијанса)**
Го прилагодува нивото на нијанса (тон на боја) на сликата.

■ **[Saturation] (Заситување)**
Го прилагодува нивото на заситување на сликата.

■ **[Sharpness] (Острина)**
Го прилагодува нивото на острина на изгледот на сликата.

### Поставки [PREFERENCE] (ПРЕТПОЧИТУВАЊЕ)

■ **[Rating] (Оцена)**
Може да ја ограничите репродукцијата на дискови DVD што имаат оцена за содржината. Сцените може да се блокираат или да се заменат со други сцени.
Ако сте поставиле лозинка, отклучете ја заштитата со лозинка со внесување на лозинката (видете „[Password]" (Лозинка)) пред да ја промените оцената.

**Притиснете ↑/↓ [6] за да изберете оцена од [0 Lock ALL] (0, заклучи ги СИТЕ) го [8 No Limit] (8, без ограничување), потоа притиснете ⊕ [8].**

■ **[Password] (Лозинка)**
Можете да поставите лозинка за поставките [Rating] (Оцена) и [Default] (Зададено) за да избегнете несакано ракување.

**Внесете ја новата четирицифрена лозинка, а потоа притиснете ⊕ [8].**
Кога сакате да ја смените лозинката, внесете ја лозинката за да го отклучите полето за внесување, а потоа внесете ја новата лозинка.

Ако ја заборавите лозинката, следете ја постапката подолу за да ја потврдите тековно поставената лозинка.

1 **Притискајте на FUNCTION [3] за да ја изберете функцијата DVD/CD.**

2 **Притиснете ⏏ [7] на уредот за да го отворите носачот на диск.**

3 **Притиснете ■ [4], ZOOM [23] и ⊕ [8] во тој редослед.**
Се појавува [CUSTOM PAGE] (ПРИЛАГОДЕНА СТРАНИЦА) и можете да ја потврдите тековно поставената лозинка.
За да излезете од [CUSTOM PAGE] (ПРИЛАГОДЕНА СТРАНИЦА), притиснете SETUP [20].

■ **[Default] (Зададено)**
Можете да ги вратите сите опции на менито за поставување и личните поставки на зададените фабрички вредности.
Ако сте поставиле лозинка, отклучете ја заштитата со лозинка со внесување на лозинката (видете „[Password]" (Лозинка)) пред да изведете враќање.

**Притиснете → [6] за да изберете [Restore] (Врати), а потоа притиснете ⊕ [8].**

## Мерки за претпазливост

**Поставување**
- Не поставувајте го системот во ограничен простор каде што вентилацијата е лоша бидејќи ова може да предизвика прегревање.
- Не поставувајте го системот во близина на извори на топлина, како што се радијатори или воздушни канали или на место коешто е изложено на директна



сончева светлина, прекумерна прашина, механички вибрации или удар.
- Не поставувајте го системот во закосена позиција. Тој е дизајниран да работи само во хоризонтална положба.
- Не поставувајте тешки предмети врз системот.

**За работата**
- Ако системот се внесува директно од ладна во топла локација или се поставува во многу влажна соба, влагата може да кондензира на леќите во уредот. Ако се случи ова, системот нема работи правилно. Во тој случај, отстранете го дискот и оставете го системот вклучен околу половина час сè додека не испари влагата.
- Ако нешто падне врз кутијата, исклучете го уредот и повикајте квалификувано лице да го провери пред да го вклучите да работи.

**За чистењето**
Чистете ги кутијата, плочата и контролите со мек материјал малку натопен со слаб раствор на детергент. Не користете каков било вид абразивно перниче, прашок за чистење или растворувач, како алкохол или бензин.
Ако имате какви било прашања или проблеми со системот обратете се до најблискиот продавач на Sony.

**За дисковите за чистење, чистачите на дискови/леќи**
- Не користете дискови за чистење или чистачи за дискови/леќи (вклучувајќи влажни или видови на спреј). Тие може да предизвикаат дефект на уредот.
- Пред репродукција, исчистете го дискот со материјал за чистење. Бришете го дискот од центарот до надворешниот раб.
- Не користете растворувачи како бензин, разредувач, комерцијално достапни средства за чистење или антистатичен спреј наменет за винил плочи.

**За бојата на телевизорот**

> **ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА**
> Внимание: ако ја оставите истата слика (видеослика на пауза, слика на екранот итн.) прикажана на телевизорот подолг период на време, ризикувате трајно оштетување на телевизискиот екран. Телевизорите со проекција се особено подложни на ова.

**Поместување на системот**
Пред да го поместите системот, проверете дека нема вметнат диск и извадете го кабелот за напојување од ѕидниот штекер.

**Ракување со дисковите**
- Држете го дискот за работ за да го одржите чист. Не допирајте ја површината.
- Не лепете хартија или леплива лента на дискот.
- Не изложувајте ги дисковите на директна сончева светлина или на извори на топлина како што се канали за топол воздух и не оставајте ги во автомобил паркиран на директна сончева светлина бидејќи температурата во автомобилот може значително да се зголеми.



**Акумулирање топлина**
- Иако системот се загрева за време на работата, ова не претставува дефект.
- При голем капацитет, по подолг временски период, кутијата станува жешка. Ова не е дефект. Сепак, допирањето на кутијата треба да се избегнува.
- Поставете го системот на локација со соодветна вентилација за да спречите зголемување на топлина во системот.
- За да спречите дефект, не покривајте ги отворите за вентилација.

## Решавање проблеми

Ако искусите некои од следните тешкотии додека го користите системот, проверете го ова упатство за решавање проблеми за да ви помогне да го решите проблемот пред да побарате поправки. Консултирајте се со најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.
Имајте предвид дека ако сервисниот персонал смени некои делови за време на поправката, овие делови може да бидат задржани.

> **Ако се појавува „PROTECT" на екранот.**
> Веднаш извлечете го кабелот за напојување и проверете ги следните ставки откако „PROTECT" ќе исчезне.
> - Дали каблите за звучниците + и – имаат краток спој?
> - Дали нешто ги блокира отворите на вентилацијата на системот?
>
> Поврзете го кабелот за напојување одново и вклучете го системот откако ќе ги проверите овие ставки и ќе потврдите дека нема проблеми. Обратете се до најблискиот продавач на Sony ако проблемот опстојува.

### Напојување

**Напојувањето не е вклучено.**
Проверете дали кабелот за наизменична струја е безбедно поврзан.

**Системот не влегува автоматски во режим на подготвеност.**
- Функцијата за автоматско влегување во режимот на подготвеност не е важечка заедно со функцијата FM.
- Системот може да не влезе во режимот на подготвеност во следните случаи:
  - кога ќе се открие аудиосигнал,
  - кога е поврзан USB-уред,
  - во текот на репродукција на аудиозаписи или датотеки,
  - кога е во тек работа на тајмерот за репродукција или тајмерот за спиење.

### Слика

**Нема слика.**
- Кабелот за поврзување на видеото не е безбедно поврзан.
- Уредот не е поврзан со правилниот влезен приклучок на телевизорот.
- Системот не е избран преку влез за видео на телевизорот.
- Осигурете се дека сте го поврзале системот и телевизорот користејќи го кабелот за видео (доставен) за да можете да ги гледате сликите.

**Дури и кога ќе го поставите соодносот на сликата во [TV Type] (Тип телевизор) под поставките [SCREEN] (ЕКРАН), сликата не го исполнува екранот на телевизорот.**
Соодносот на сликата на дискот е фиксен.



**На телевизискиот екран се појавува неправилност на бојата.**
Звучниците на системот содржат магнетни делови и затоа може да се појави магнетска дисторзија. Кога ќе се појави неправилност во бојата на екранот на телевизорот, проверете ги следните ставки.
- Монтирајте ги звучниците најмалку 0,3 m од телевизорот.
- Ако неправилноста на бојата е истрајна, исклучете го телевизорот еднаш, потоа вклучете го по 15 до 30 минути.
- Преместете ги звучниците подалеку од телевизорот.

**Поставката за [TV System] (Телевизиски систем) не соодветствува со телевизорот.**
Вратете ја поставката (видете „[Default]" (Зададено) под „Поставки [PREFERENCE] (ПРЕТПОЧИТУВАЊА)").

### Звук

**Нема звук.**
- Притискајте на VOLUME + [9] за да ја прилагодите јачината на звукот.
- Проверете дали звучниците се поврзани.
- Системот е во состојба на пауза или во режим за репродукција со забавени движења. Притиснете ► [4] за да се вратите на нормална репродукција.

**Има сериозен шум или бучава.**
- Поместете го системот подалеку од извор на бучава.
- Поврзете го системот во друг ѕиден штекер.
- Поставете филтер за шум (достапен е комерцијално) на кабелот за напојување.

**Нема звук од микрофонот.**
- Притискајте на VOLUME + [9] за да ја прилагодите јачината на звукот на звучникот.
- Притиснете MIC LEVEL [12], потоа притиснете ↑ [6] за да ја прилагодите јачината на звукот на микрофонот.
- Осигурете се дека микрофонот е поврзан правилно со приклучокот MIC [10].
- Осигурете се дека микрофонот е вклучен.

### Работа

**Постои сериозен шум или станиците не можат да се примат кога се вклучува FM-станица.**
- Поврзете ја антената правилно.
- Обидете се со друго место и друга насока на антената за подобар прием.
- Поставете ја антена подалеку од каблите за звучниците и од кабелот за напојување за да избегнете прибирање шум.
- Исклучете ја електричната опрема во близина.

**Дискот не се репродуцира.**
- Кодот за регионот на дискот DVD не соодветствува со системот.
- Влага се кондензирала во уредот и може да предизвика оштетување на леќите. Отстранете го дискот и оставете го уредот вклучен околу половина час.

**Не може да се репродуцира DATA CD или DATA DVD.**
- Дискот DATA CD не е снимен во согласност со ISO 9660 ниво 1/ниво 2.
- Дискот DATA DVD не е снимен во UDF (универзален формат на диск).



**Датотеките на DATA DVD, DATA CD или USB-уредот не може да се репродуцираат.**
- Системот не може да репродуцира аудиодатотеки со заштита на авторски права со УДП (Управување со дигитални права) или датотеки што се преземени од музичка продавница на интернет. Ако се обидете да репродуцирате некоја од овие датотеки, системот ја репродуцира следната незаштитена аудиодатотека.
- На USB-уредот или на дискот нема датотеки што може да се репродуцираат.

**Датотека со видео не може да се репродуцира.**
Резолуцијата на видеото е поголема од 720 (ширина) × 576 (висина) пиксели.

**Името на папката или датотеката не се прикажува правилно.**
Системот може да прикажува само броеви и букви од азбуката. Другите знаци се прикажуваат како „_".

**Дискот не започнува со репродукција од почетокот.**
- Дискот е во режим за продолжување со репродукција. Притискањето еднаш на ■ [4] прави системот да продолжи со репродукцијата. Кога сакате да ја вратите репродукцијата од почеток, притиснете ■ [4] двапати, а потоа притиснете ► [4].
- Режимот за програмирана репродукција или репродукција по случаен избор не се избрани. Прекинете ја репродукцијата и поставете го режимот на нормална репродукција.

**Дискот не може да се извади и „LOCKED" се појавува на екранот.**
Обратете се до најблискиот продавач на Sony или до овластен сервис за Sony.

**Системот не работи нормално.**
Исклучете го кабелот за напојување од ѕидниот штекер, потоа поврзете го повторно по неколку минути.

**USB-уредот не работи правилно.**
- Ако поврзете USB-уред кој не е поддржан, може да настанат следниве проблеми. Проверете ги информациите во врска со компатибилните USB-уреди на веб-локациите чии URL-адреси се наведени под „USB-уреди што се компатибилни со системов".
  - USB-уредот не се препознава.
  - Имињата на датотеките или папките не се прикажуваат на овој систем.
  - Не е можна репродукција.
  - Звукот скока.
  - Има бучава.
  - Излегува изобличен звук.

**Се појавува „OVER CURRENT".**
- Откриен е проблем со нивото на електрична струја кај портата за ⭠ (USB) [11]. Исклучете го системот и отстранете го USB-уредот од портата за ⭠ (USB) [11]. Проверете дека има проблем со USB-уредот. Обратете се до најблискиот продавач на Sony ако шемата на приказот опстојува.
- Поврзаниот USB-уред не може да се полни.
  - Проверете дали USB-уредот е безбедно поврзан.
  - Вклучете го системот ако тој се наоѓа во режим на подготвеност.
  - Обидете се да ја поставите функцијата на USB. Некои USB-уреди може да се полнат само кога системот е поставен на функцијата USB.



## Спецификации

**Главен уред**

**Дел за засилувач**

Излезна моќност (номинално):
20 вати + 20 вати (8 оми на 1 kHz, 1% THD)

Постојана RMS-излезна моќност (референца):
25 вати + 25 вати (8 оми на 1 kHz, 10% THD)

**Влезови**

AUDIO IN (мини стерео приклучок од 3,5 mm):
чувствителност 1 V, пречки од 50 килооми

MIC (моно миниприклучок):
чувствителност 4 mV, пречки од 10 килооми

**Излези**

VIDEO OUT:
макс. излезно ниво 1 Vp-p, неурамнотежено, без синхронизација, пречки на оптоварување од 75 оми

SPEAKERS:
прифаќа пречки од 8 оми

**Дел за плеерот на дискови**

Систем:
компактен диск и дигитален аудио и видеосистем

Својства на ласерската диода
Времетраење на емисија: продолжено
Излез за ласер*: помалку од 1000 μW

* Овој излез е мерка за вредност на растојание од 200 mm од површината на леќата на објективот на оптичкиот блок за прибирање со отвор од 7 mm.

Реакција на фреквенција
DVD (PCM 48 kHz): 20 Hz – 20 kHz (±1 dB)
CD: 20 Hz – 20 kHz (±1 dB)

Формат на системот за бои за видео
Модели за Латинска Америка (освен моделот за Аргентина): NTSC
Други модели: NTSC/PAL

**Дел за USB**

⭠ Порта за (USB):
Тип A, максимална јачина на струја: 5 V, 500 mA

**Дел за приемникот**

Приемник за стерео FM, суперхетеродин FM

Опсег на пребарување:
87,5 MHz – 108,0 MHz (чекор од 50 kHz)

Антена: антена за FM

**Звучник**

Систем на звучници:
Целосен опсег, дијаметар од 8 см. конусен облик

Проценети пречки: 8 оми

Димензии (Ш/В/Д)
Приближно 148 mm × 240 mm × 127 mm

Маса: околу 1,3 kg по звучник

Количина: 2 парчиња

**Општо**

Побарувања за напојување
За моделот за Кореја:
AC 220 V – 240 V, 50/60 Hz
Други модели:
AC 120 V – 240 V, 50/60 Hz

Потрошувачка на струја: 23 вати

Димензии (Ш/В/Д со најголемите испакнатини) (без звучници):
приближно 170 mm × 133 mm × 240 mm



Тежина (без звучници):
приближно 1,4 kg

Квантитет на главниот уред: 1 парче

Доставена дополнителна опрема:
далечински управувач (1)
антена за FM (1)
видеокабел (1)
подлошките за звучниците (8)

Дизајнот и спецификациите подлежат на промени без претходно известување.

> - Потрошувачка на струја во режим на подготвеност: 0,5 W.
> - Не се користени халогенирани забавувачи на пламен кај одредени печатени електрични плочи.

## Лиценци и заштитени знаци

- Овој систем вклучува Dolby* Digital.
  * Произведено со дозвола од Dolby Laboratories. „Dolby" и симболот двоен D се заштитни знаци на Dolby Laboratories.
- Логото „DVD" е заштитен знак на DVD Format/Logo Licensing Corporation.
- Технологијата за кодирање аудио според MPEG Layer-3 и патентите се со лиценца на Fraunhofer IIS и Thomson.
- Windows Media е регистриран трговски заштитен знак или заштитен знак на Microsoft Corporation во Соединетите Американски Држави и/или во други земји.
- Овој производ е заштитен со определени права на интелектуална сопственост на Microsoft Corporation. Забранета е употреба или дистрибуција на таква технологија надвор од овој производ без дозвола од Microsoft или од овластена филијала на Microsoft.
- ЗА MPEG-4 VISUAL: ОВОЈ ПРОИЗВОД Е ЛИЦЕНЦИРАН СПОРЕД ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПОРТФОЛИОТО СО ПАТЕНТИ НА MPEG-4 VISUAL ЗА ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА НА ПОТРОШУВАЧОТ ПРИ ДЕКОДИРАЊЕ ВИДЕО ВО СОГЛАСНОСТ СО СТАНДАРДОТ ЗА MPEG-4 VISUAL („MPEG-4 VIDEO") ШТО БИЛ КОДИРАН ОД ПОТРОШУВАЧОТ ЗАРАДИ ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА АКТИВНОСТ И/ИЛИ БИЛ СТЕКНАТ ОД ДАВАТЕЛ НА ВИДЕОУСЛУГИ ШТО ИМА ЛИЦЕНЦА ЗА MPEG LA ДА ОБЕЗБЕДУВА ВИДЕО ВО ФОРМАТ MPEG-4.
НЕ СЕ ДАВА ЛИЦЕНЦА НИТУ ТРЕБА ДА СЕ ПОДРАЗБЕРЕ ЛИЦЕНЦА ЗА КАКВА БИЛО ДРУГА УПОТРЕБА. ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ПРОМОТИВНИ, ИНТЕРНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ УПОТРЕБИ, КАКО И ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА, МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ОД MPEG LA, LLC. ВИДЕТЕ http://www.mpegla.com/
- Сите други заштитни знаци и регистрирани заштитни знаци се на нивните соодветни сопственици. Во ова упатство, ознаките ™ и ® не се посочени.

http://www.sony.net/